***Политика за одржливо работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје***

## 1. Цел на оваа политика

Целта на политиката за одржливо работење е да се воспостави рамка за идентификување, управување и интегрирање на еколошките, социјалните и управувачките фактори (фактори на ЕСГ) - со примарен фокус на ризиците поврзани со климатските промени и еколошките ризици, во практиките за управување со ризиците, стратегијата и процесите на носење одлуки во УниБанка АД Скопје.

Оваа политика ги поддржува напорите на УниБанка АД Скопје за усогласување со регулаторните очекувања и интернационални стандарди, придонесува за одржлив развој и ја подобрува отпорноста на работењето на Банката и портфолијата на клиентите.

УниБанка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банка) е посветена на промовирање на "одржлив и еколошки развој", од причина што верува дека одржливиот развој претставува суштински аспект на стабилното деловно управување.

Банката како финансиска институција придонесува кон раст и развој на целокупната економија и се стреми да промовира цели и активности во однос на климатските промени и пренасочување на капиталните текови кон одржливи инвестиции, кои произлегуваат од заложбите на финансиските институции во поглед на меѓународните прописи од оваа област[1]. На национално ниво, тоа подразбира и усогласеност со стандардите кои произлегуваат од позитивните прописи од оваа областа[2].

Во таа насока, оваа Политика за одржливо работење (во понатамошниот текст: Политика) ги опфаќа минималните стандарди, процедури и надзор врз аспектите на одржливиот развој кои се однесуваат на животната средина, социјалните прашања и прашањата поврзани со корпоративното управување и е дел од системот за управување со ризици на Банката.

Следејќи ја стратешката цел на Банката за промовирање на проекти и кредитирање кои нудат еколошки и социјални придобивки, преку оваа Политика и други релевантни интерни акти, Банката ќе делува во насока на промовирање на одржливоста, преку:

- интегрирање мерки за заштитата на животната средина и социјални мерки во рамки на нејзините активности;
- воспоставување критериуми за реализација на мерките за заштита на животната средина и социјалната политика за кои се очекува од клиентите да ги исполнат во временска рамка која е прифатлива за Банката;
- дефинирање на улогите и одговорностите на Банката и на нејзините клиенти со цел постигнување одржливи резултати во согласност со оваа Политика;
- управување со ризиците поврзани со одржливоста;
- промоција на проекти со значајни придобивки во областа на животната средина и социјалните прашања;
- зголемување на свеста на сите засегнати страни за климатските промени, почитување на човековите права и останати фактори на одржливост
- транспарентно, навремено и точно известување за аспектите поврзани со еколошките и социјалните аспекти.

Оваа Политика ги вклучува промените во регулаторните барања и повратните информации од засегнатите страни.

[1] Парискиот договор за климатски промени и Целите за одржлив развој од страна на Обединетите нации во 2015 година, како и Европски зелен договор и Акциониот план за финансирање на одржлив развој

[2] Подзаконската регулатива на НБРСМ која се однесува на управување со ризиците поврзани со климатски промени, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва, Водичот за известување поврзани со животната средина, општествени прашања и управувањето, и останати прописи во оваа област, со кои се предвидува минимален сет на стандарди кои банките треба да ги применат во своето работење

## 2. Заложби на Банката

Банката се стреми преку проценка и следење на заштитата на животната средина и социјалните прашања да обезбеди дека клиентите кои ги кредитира преку своето деловно работење:

• промовираат одржливост во однос на социјалните прашања и прашањата за животната средина;
• ги почитуваат правата на вработените и заинтересираните страни;
• се усогласени и спроведени почитувајќи ги позитивните прописи и најдобрите меѓународни практики.

За таа цел, Банката користи прашалници кои вклучуваат минимален сет на критериуми за реализација од оваа област и истите се дел од кредитните процедури, по кои се очекува да постапуваат клиентите при своите деловни операции.

Во овој дел улогата на Банката е да:

- направи увид во прелиминарната оценка извршена од страна на клиентите;
- им помогне на клиентите да развијат соодветни и ефективни мерки за избегнување или, кога е можно, минимизирање, односно ублажување или надоместување на негативните влијанија врз животната средина и социјалните прашања, во согласност со дадените критериумите;
- следи периодично дали проектите се реализираат во согласност со барањата на Банката поврзани со животната средина и социјалната заштита.

Банката поддржува и системски одржлив развој во поглед на процесот на транзицијата во оваа област.

Во согласност со својата деловна политика, Банката ќе се стреми да кредитира проекти и активности кои имаат потенцијал да придонесат за дополнителни позитивни придобивки за животната средина и социјалните прашања, како што се позитивни социо-економски придобивки, а кога е соодветно и можно, еднаков пристап до овие позитивни придобивки за сите засегнати страни во проектот, како што се ублажувањето и прилагодувањето на климатските промени, зачувување на биолошката разновидност, ефикасно управување со енергијата и ресурсите, намалување на сиромаштијата, промовирање на работа под пристојни услови, намалување на социјалната исклученост, пристап до основните услуги, родова еднаквост, транспарентност и социјален развој, како и подобрување на еднаквиот пристап до потенцијалните придобивки од кредитирањето од страна на Банката.

Банката ја препознава важноста на ублажувањето на климатските промени и прилагодувањето кон овие промени, како и развој на свој пристап кон климатските промени, особено во поглед на намалување на емисиите на стакленички гасови, адаптирање на овие промени, промовирање на обновливите извори на енергија и подобрување на ефикасното управување со енергијата, во насока на подобро решавање на овие прашања во рамки на своите активности.

Банката е цврсто определена да ги почитува принципите на корпоративна транспарентност, отчетност и учество на релевантните чинители. При тоа, Банката редовно ќе објавува информации за резултатите во врска со животната средина и социјалните прашања, како и ќе има комуникација со сите релевантни чинители со кои соработува. Банката ќе промовира слични примери на добри практики меѓу нејзините клиенти. Банката особено очекува од своите клиенти да ги идентификуваат сите релевантни страни и редовно да соработуваат со нив, како и со локалната заедница која е потенцијално засегната, преку нивно информирање, консултации и овозможување на добро информирано учество на начин кој ќе смета дека е пропорционален на влијанијата на проектот.

Банката нема свесно да кредитира проекти кои не се во согласност со националната регулатива и ратификувани меѓународни конвенции и документи, од областите на заштитата на животната средина, човековите права и одржливиот развој, доколку е тоа утврдено во текот на евалуацијата на проектот.

Во насока на запознавање со најдобрите практики во управувањето со животната средина (вклучувајќи ги и ефикасното управување со енергијата и ресурсите, намалување на отпадот и рециклирањето) и човечките ресурси (како што се обезбедување на еднакви можности, рамнотежа помеѓу работата и слободното време, здравјето и безбедноста), Банката континуирано ги едуцира своите вработени. Банката соработува со добавувачи и изведувачи кои применуваат слични високи стандарди

во однос на животната средина и социјалните прашања. Притоа, Банката ги земе во предвид сите прашања за одржливоста при набавката на стоки и услуги за сопствени потреби.

## 3. Примена

Оваа Политика е наменета за употреба од страна на сите деловни линии и организациони единици, но пред се на организационите единици кои работат со клиенти, како и со управување со сопствените средства на Банката.

3.1. Вработени кои се посебно должни да ја почитуваат оваа Политика во делот на работа со клиенти се:

- Дирекција за Корпоративно банкарство;
- Дирекција Корпоративна продажба;
- Дирекција Мрежа на експозитури;
- Дирекција Финансии и сметководство;
- Дирекција Управување со ризик;
- Дирекција Управување со проблематични пласмани;
- Дирекција Банкарство на население;
- Дирекција Кредитен центар

и останатите организациони единици вклучени во кредитниот процес во Банката.

Оваа политика се применува на сите сегменти на клиенти и типови на изложеност, со моментален оперативен фокус на клиенти – правни лица.

3.2. Области покриени со оваа Политика:

- Животна средина, при што се опфатени прашања поврзани со климатските промени, управувањето со отпад, користење на енергија, вода и други ресурси, загадувањето на водата, воздухот и почвата, влијанието врз биодиверзитетот и други прашања од овој домен;
- Општествени прашања кои се однесуваат на односите на Банката со своите вработени, клиенти, заедницата и останатите засегнати страни, како и влијанието кое овие категории го имаат врз Банката. Тука спаѓаат прашања поврзани со работните односи, услови и здравје при работа, еднаквост и инклузивност, човекови права, безбедност на производите, односи со заедницата и сл., како и
- Корпоративно управување кое го опфаќа внатрешниот систем на политики, процедури и контролни механизми усвоени од страна на Банката со цел да се обезбеди сеопфатно и ефикасно управување со друштвото, ефективно одлучување, усогласеност со законските прописи и задоволување на потребите на засегнатите страни. Главни прашања од овој домен се ефикасноста на корпоративното управување, деловната етика, борбата против корупцијата, структурата и разновидноста на Одборите, даночната политика и транспарентност и други.

Овие области се применуваат за да се процени тековното ниво и развојот на Банката во поглед на одржливоста.

## 4. Еколошки прашања и влијание врз животна средина

### 4.1. Активности на Банката

Банката се грижи за заштита и унапредување на животната средина и континуирано презема чекори за намалување на своето директно влијание врз животната средина, преку:

- поставени фотоволтаични системи за сопствено производство на електрична енергија и континуирано преземање активности за намалување на потрошувачката на електрична енергија и замена на неекономични потрошувачи на електрична енергија со нови енергетски ефикасни системи,
- промена на системи за греење и ладење,
- грижа за намалување на потрошувачка на вода,
- грижа за рециклирање на хартија,
- грижа за рацонална употреба на потрошен материјал,
- дигитализација на процеси и намалување на сопствен отпад,
- замена на возниот парк со нови хибридни возила коишто значително ја намалуваат емисијата на штетни гасови и др.

### 4.2. Кредитирање на клиенти

Во согласност со Кредитната политика, Банката финансиски поддржува кредитна изложеност којашто се користи за подобрување на енергетската ефикасност на домаќинствата и на корпоративниот сектор, за поддршка на вложувањата во зелени технологии, материјали и слично, за поддршка на вложувањата во обновливи извори на енергија, како и за контрола и/или спречување на загадувањето, заштита на животната средина, намалување на ризиците поврзани со климатските промени и сл. (зелени кредити).

## 5. Улогата и одговорностите на Банката

### 5.1. Систем за управување со ризиците поврзани со животна средина и социјални аспекти

Системот за управување со животна средина и социјалниот ризик вклучува механизми за проценка и следење на ризикот, и тоа:

- Проверка на сите клиенти/проекти дали се наоѓаат на Листата на забранети активности;
- Категоризирање на животна средина (еколошкиот) и социјалниот ризик на предложените трансакции (низок/среден/висок);
- Прелиминарна проценка на одобрување на кредитни пласмани во насока на обезбедување дека трансакциите ги исполнуваат националните регулаторни барања кои се однесуваат на еколошките и социјалните прашања;
- Чување и редовно ажурирање на еколошките и социјалните записи за клиентите и
- Следење на клиентите во насоката на нивна усогласеност со позитивните прописи за животната средина, здравјето и безбедноста и трудот.

### 5.2. Листа на забранети активности

Трансакцијата ќе биде одбиена доколку клиентот е вклучен во која било активност наведена во Листата на забранети активности. Проверката на деловната активност на клиентот во однос на Листата на забранети активности претставува дел од Кредитната политика.

Дејностите кои се исклучени од финансирање се наведени во процедурата "Кредитен процес на правни лица".

5.3. Проверката на регулаторната усогласеност

Проверката на регулаторната усогласеност потврдува дека клиентот ги исполнува релевантните позитивни прописи и стандарди, вклучително и прописите за животна средина и здравје и безбедност, дозволи за планирање, лиценци за работа и дозволи.

Проверката согласно Регулаторната рамка се спроведува во моментот кога е примено барањето за кредитирање, во времето кога кредитната изложеност е одобрена и периодично до доспевање на кредитирањето.

Преку договорни клаузули во договорите за кредитна изложеност за еколошки и социјални аспекти, Банката обезбедува писмена изјава од клиентот за неговата целосна усогласеност со позитивните прописи од оваа област.

5.4. Прелиминарна проценка на одобрување на кредитни пласмани

Одобрувањето на кредитните пласмани за лицата од точка 3 од оваа Политика се предмет на прелиминарна проценка за да се утврди како тие влијаат врз животната средина и социјалните прашања, врз основа на што Банката одлучува дали одредена активност може да биде одобрена за кредитирање, како и да се утврди начинот на кој одредени аспекти поврзани со животната средина и социјалните прашања ќе бидат опфатени во планирањето и финансирањето за времетраењето на кредитната изложеност. Проценката на влијанието врз животната средина и социјалните прашања е интегрирана во целокупниот кредитен процес на Банката, кој вклучува и проценка на финансиските ризици и репутацискиот ризик, како и идентификување на можностите за подобрување на животната средина и социјалните прашања.

Оваа прелиминарна проценка треба да биде соодветна на природата и обемот на активностите на клиентот согласно дејноста/индустријата на која припаѓа, како и пропорционална на заканите и последиците врз животната средина и социјалните прашања. Клиентот е должен да обезбеди соодветната документација до Банката за разгледување во рамките на процесот на поднесување, одобрување и следење на кредитната изложеност. Банката ќе ги разгледа доставените информации, како и ќе му даде соодветни насоки на клиентот доколку е потребно да се задоволат барањата на Банката.

Проценката на Банката врз влијанието врз животната средина и социјалните прашања вклучува разгледување на три клучни елементи: (а) влијание врз животната средина и социјалните прашања поврзани со предложените деловни активности кои произлегуваат од неговата примерна дејност, а за кои клиентите бараат средства за кредитирање од страна на Банката (во понатамошниот текст: деловни активности) и сл., и (б) способноста и посветеноста на клиентот да се справи со идентификуваните влијанија и прашања во согласност со оваа Политика.

Банката може да одбие да го финансира предлог-проектот/активности кои произлегуваат од неговата примарна дејност како резултат на прашања поврзани со животната средина и социјалните прашања, како на пример кога предложениот проект нема да може на задоволителен начин да ги управува идентификуваните ризици поврзани со животната средина и социјалните прашања, при што постои значајна веројатност дека нема да се исполнат условите утврдени со оваа Политика, во рок кој Банката го смета за разумен, или кога последователните влијанија од проектот/активности кои произлегуваат од неговата примарна дејност се сметаат за неприфатливи согласно Листата на активности/дејности.

Методологијата за класификација според еколошки и социјални аспекти опфаќа категоризација на деловни активности со соодветни оцени за животна средина и социјалните ризици (висок, среден, низок).

Оваа Политика би била соодветно применлива и во однос на финансирање со средства од меѓународни кредитни линии, кои Банката би ги пласирала на клиенти, а кои би можеле да бидат предмет на дополнителни барања на донаторите во однос на аспекти од областа на животната средина и социјалните прашања, доколку истите се во согласност со оваа Политика.

5.5. Категоризација

Врз основа на критериумите поврзани со животната средина и социјалните прашања, Банката ги класифицира предложените проекти во следните категории: А / Б / В, со цел да го (а) утврди нивото на потенцијалните влијанија на предлог барањето за кредитирање од областа на животната средина и социјалните прашања, и (б) да се утврди природата и обемот на оценување поврзани со животната средина и социјалните прашања, активностите за објавување на информации и вклучување на релевантните страни, при што се земаат предвид природата, локацијата, чувствителноста и големината на проектот/активностите, како и природата и големината на влијанијата врз животната средина и социјалните прашања кои проектот може да ги има.

5.6 Вклучување на засегнати страни

Оваа Политика не би можело да се имплементира без соодветна вклученост на сите засегнати страни и ефективна двонасочна комуникација. Засегнати страни на Банката се: вработените, акционерите и инвеститорите, добавувачите, државните институции и заедницата.

Сите проекти/активности кредитирани од страна на Банката се очекува да ги исполнуваат националните стандарди и доколку е применливо добри меѓународни практики поврзани со одржливиот развој. Со цел да им помогне на клиентите и/или на нивните проекти да го постигнат тоа, Банката подетално дефинира минимален сет на критериуми за реализација за клучните прашања и влијанија поврзани со животната средина и социјална политика, како:

- проценка и управување со животната средина и социјалните прашања;
- вработување и работни услови;
- здравје, безбедност и заштита на работа.

Проценката обезбедува солидна основа која клиентите може да ја искористат за да ја подобрат одржливоста на своите деловни активности. За да се постигне тоа, од суштинска важност е да се има доследен пристап со цел да се избегнат негативните влијанија врз вработените, населението и животната средина, или, ако тоа не е можно, да се минимизираат, ублажат или надоместат овие влијанија на соодветен начин.

## 6. Прашања од општествен интерес

Стандардите за управување со човечките ресурси се целосно усогласени со Законот за работните односи и Колективниот договор за приватниот сектор од областа на стопанството и Гранскиот колективен договор. Правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос се уредени со Правилникот за работни односи на Банката, договорите за вработување и интерните акти и процедури на Банката. Мерките за безбедност и здравје при работа на вработените во Банката и заштита на инвалидите на трудот со намалена работна способност се утврден со интерните акти и планови, елаборати и процени од областа на здравје и заштита при работа.

Банката има Политика за управување со човечки ресурси со која се определува процесот на привлекување, ангажирање, обука, задржување и мотивација на вработените, со цел создавање на безбедна и праведна средина за вработените и постигнување на стратегиските цели на Банката.

6.1. Добро корпоративно управување и деловна етика

Принципите на одржливо работење се дел од Статутот на УниБанка АД Скопје. Банката има усвоено Кодекс за корпоративно управување и Етички кодекс за корпоративно управување во УНИБанка АД Скопје.

Со Кодексот за корпоративно управување се поставуваат основните начела и принципи за корпоративно управување на УниБанка АД Скопје како збир на заемни односи помеѓу Надзорниот одбор, Управниот одбор, другите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна

позиција во Банката, акционерите на Банката и останати заинтересирани субјекти. На овој начин, е воспоставена соодветна организациска структура и механизми за дефинирање на целите на Банката и нивно соодветно остварување и следење. Банката при своето работење целосно се придржува кон принципите на корпоративното управување утврдени во Кодексот и тоа: гарантирање на правата и интересите на акционерите, транспарентност на сопственичката структура, поделба на надлежностите, редовна и ефикасна контрола и ревизија, почитување на законите, етички стандарди и практики, независност и објективност и останати утврдени принципи.

Етичкиот кодекс ги уредува начинот на однесување и работење на вработените, со цел да се обезбеди примена и почитување на утврдените принципи, а врз основа и во рамки на позитивните прописи и интерните акти на Банката.

Банката во своето работење се води според највисоките стандарди, посветувајќи особено внимание на транспарентноста, етиката и борбата против корупцијата. Етичкиот кодекс го уредува начинот на спречување на корупцијата и пропишува забрана за примање на подароци и друг вид на корист. Вработените се должни да го пријават секое коруптивно и сомнително однесување на секое лице, вклучително и на друг вработен во Банката. Вработените во Банката не смеат да бараат и примаат подароци, награди, услуги или било каква друга корист од надворешни лица или деловни партнери, како и да учествуваат во активности или процеси во кои личниот интерес е во судир со деловниот интерес на Банката.

При користење на услуги со надворешни лица, Банката има утврдени принципи, правила и критериуми во однос на процесот на користење на услуги од надворешни лица, вклучително и основни принципи и насоки за управување со ризиците од користење од надворешни лица. Основните принципи и критериуми поврзани со користење на услуги од надворешни лица се дел од Политиката за користење на услуги со надворешни лица на УНИБанка АД Скопје. При изборот на надворешно лице, Банката врши анализа која освен оцена на способноста и капацитетот на надворешното лице за навремено, квалитетно и ефикасно извршување на работите, репутација на надворешното лице и соодветноста на другите лица коишто ги користи надворешното лице за вршење на услугата.

Во поглед на заштитеното внатрешно пријавување, Банката има воспоставено процедури за постапување по пријави од укажувачи во случај на разумно сомневање или сознание за извршено казниво, неетичко или други недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Во согласност со усвоената законска регулатива, Банката има усвоено Правилник за заштитено внатрешно пријавување во УНИБанка АД Скопје и назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи кои се јавно објавени на интернет страната на Банката.

## 7. Глобални цели и иницијативи

Банката во своето работење настојува да биде усогласена со глобалните и национални иницијативи и стратешки документи:

- UN Глобал Compact – Десетте принципи на Глобалниот договор на Обединитите нации, поделени во 4 области: човекови права, работнички права, животна средина и антикорупција;
- UN SDGs (Sustainable Development Goals) – 17 цели за одржлив развој кои се дел од Агендата за одржлив развој 2023;
- UN PRB (Principles for Responsible Banking) – Принципи за одговорно банкарство на Обединетите нации;
- UN PRI (Principles for Responsible Investing) – Принципи за одговорно инвестирање на Обединетите нации;
- Националната стратегија за одржлив на Република Северна Македонија (2009-2030).

## 8. Посветеност на УНИБанка АД Скопје кон целите за одржлив развој

Следејќи ја државната посветеност преку националните политики да се усогласува со Агендата за одржлив развој 2030, Банката е свесна за нејзината улога во општеството и значајноста на овие цели. Од тие причини, и покрај тоа што сите 17 цели се меѓусебно испреплетени и значајни, Банката има издвоено цели кои преку своето работење и проектите кои ги финансира има посебен придонес.

Преку Кредитната политика и општествено одговорните практики, Банката може и индиректно да влијае и да има позитивен придонес кон реализација и на другите цели.

Цели за одржлив развој врз кои Банката смета дека е во можност најмногу да придонесе се:

SDG 5: Родова еднаквост – Банката е посветена на овозможување еднакви можности за сите и постојно се труди да постигне соодветна родова застапеност помеѓу вработените и лицата на раководни позиции.
SDG 7: Достапна и чиста енергија – Банката финансиски поддржува проекти поврзани со вложувања во обновливи извори на енергија, технологии кои придонесуваат за подобрување на енергетската ефикасност и други видови на зелени кредити
SDG 13 Климатска акција – Банката придонесува за зголемување на капацитетите на обновливи извори на енергија, финансиски подржува технологии за замена на постојна опрема, материјали и работни процеси заради намалување на јаглеродните емисии, проекти за заштита и позитивно влијание врз животна средина и намалување на загадувањето, а истовремено вложува во сопствени капацитети за производство на енергија од обновливи извори, врши замена на не економичните потрошувачи на електрична енергија и постојното осветлување со енергетски ефикасно LED осветлување, замена на системите за ладење и греење и други активности за намалување на сопствената потрошувачка на електрична енергија.

## 9. Управување со ЕСГ ризиците

Банката континуирано управува со овие ризици преку нивно идентификување, мерење или оцена, контрола или намалување и известување. За таа цел, Банката има воспоставен систем за преземање и управување со ризиците, кој континуирано го унапредува и усогласува со регулаторните промени и меѓународната добра пракса, во согласност со Стратегијата за преземање и управување со ризиците на УНИБанка АД Скопје и соодветните политики за управување со одделни ризици, при што Банката доследно ги почитува лимитите за изложеност на ризик согласно позитивните прописи и интерните лимити за изложеност на ризик.

## 10. Фактори со материјално значење

Банката ги има идентификувано следните фактори како значајни за нејзиното деловно работење, како и за засегнатите страни:

1. Фактори од исклучително високо значење:
    - Емисии на стакленички гасови, работни услови, деловна етика, борба против корупција, корпоративно управување, безбедност и заштита на податоците, достапност на производите и услугите
2. Фактори од високо значење:
    - Енергетска ефикасност, климатски промени, влијание врз животната средина, обука и развој на вработените, еднаквост и родова застапеност, човекови права, безбедност на производите.

Банката на редовна основа врши анализа и идентификување на фактори со материјално значење и процена на нивната значајност и потенцијалното влијание врз работењето на Банката.

## 11. Организациска структура и надлежности

Банката има ефикасен систем на корпоративно управување кој ги покрива сите области на работењето и тоа:

- Надзорниот одбор на Банката е надлежен за усвојување на политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување, вклучувајќи ја и оваа Политика.
- Управниот одбор е одговорен за обезбедување услови за работење на Банката согласно прописите и ефикасно спроведување на процесот на управување со одржливоста, управување и следење на ризиците на кои е изложена Банката во работењето и други надлежности согласно позитивните прописи и интерните акти, како и дава насоки за унапредување на работењето и одржливоста на Банката.
- Одборот за управување со ризици го оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици, воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена, ги воспоставува процедурите и начинот на стрес тестирање, вклучувајќи ги и ЕСГ ризиците;
- Дирекција за управување со ризик ги следи изложеноста на Банката на ЕСГ преку дефинирани индикатори.

Банката определува Одговорно лице и Заменик одговорно лице за Управување со ризиците поврзани со животна средина, општествени прашања и управување (ЕСГ ризици), заради редовно разгледување на аспекти поврзани со управувањето и одржливоста, како и ЕСГ практиките на Банката. Во рамките на функцијата за управување со ризици, Одговорното лице и Заменик одговорното лице за ЕСГ ризици обезбедуваат координација и методолошка поддршка за идентификација, мерење и известување за еколошките, социјалните и управувачките фактори кои влијаат врз ризиците, без да вршат самостојно одобрување или преземање на ризик.

Одговорното лице и Заменик одговорното лице за ЕСГ ризици се грижат за спроведување и/или координирање на активностите и процесите поврзани со:

- усогласување на работењето на Банката со ЕСГ ризиците;
- континуирано следење на законската регулатива, стандарди и добри практики за ЕСГ и предлагање мерки за усогласување со регулативата;
- дефинирање на ЕСГ цели, KPI-и индикатори и планови за подобрување;
- идентификација и процена на ЕСГ ризиците;
- подготовка на акциски план за имплементација на управувањето со ЕСГ ризиците и следење на напредокот на исполнување на акцискиот план;
- имплементацијата на управувањето со ЕСГ ризиците во интерната регулатива на Банката и деловното работење;
- интегрирањето на ЕСГ ризиците во работата на другите дирекции/служби;
- податоците за известување до НБРСМ за управување со ризиците поврзани со климатските промени;
- информирање на Одборот за управување со ризици (ОУР), 1 (еднаш) месечно или квартално во зависност од фрекфенцијата на активностите поврзани со управувањето со ЕСГ ризиците.

Дирекциите се вклучени во одредени аспекти од управувањето со одржливоста и ЕСГ практиките и се одговорни за спроведување на проектите и активностите од оваа проблематика во нивниот домен на работење, поддршка и комуницирање на преземените ЕСГ иницијативи со засегнати страни.

## 12. Информативен систем

Банката располага со информативен систем кој обезбедува податоци и извештаи за следење на одржливоста во работењето на Банката, усогласеноста со прописите и управувањето со ризиците поврзани со животната средина, општествените прашања и корпоративното управување.

Информативниот систем овозможува изработка на квалитетни извештаи и анализи за потребите на унапредувањето на одржливоста и известувањето кои се транспарентни, јасни, целосни, споредливи и навремени за сите заинтересирани страни.

Банката има воспоставено систем за навремено известување на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Управниот одбор и организационите единици и лицата со посебни права и одговорности. Извештаите и анализите преставуваат основа за донесување одлуки од страна на Надзорниот и Управниот одбор за преземање мерки и активности за унапредување на одржливоста во работењето, заштита на животната средина и придонес кон одржлив и инклузивен развој.

## 13. Измени и дополнувања на оваа Политика

Политиката е предмет најмалку на годишно ревидирање од страна на Надзорниот и Управниот одбор на Банката, поради промени во регулаторната рамка, деловното опкружување и интерните акти на Банката.

Службата за внатрешна ревизија врши ревизија на спроведувањето на оваа Политика во согласност со годишните планови за ревизија.

Согласно Законот за банките, друштвото за ревизија врши ревизија на работењето на Банката, со која се опфаќа и процесот на известување за ЕСГ практиките на Банката.

## 14. Завршни одредби

За се што не е предвидено со оваа Политика, ќе се применуваат позитивните прописи и другите интерни акти на Банката.

За спроведување на оваа Политика, Банката може да донесе и други релевантни интерни прописи.

Оваа Политика стапува на сила со денот на нејзино усвојување од страна на Надзорниот одбор на Банката.